Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-184/14
12-05-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-184/1 од 17.2.2023 година поднесена од [redacted] од [redacted] против Министерството за внатрешни работи на РСМ, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.5.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-184/1 од 17.2.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи ("**МВР**").

Подносителот на претставката е вработен во МВР од 1999 година, а моментално е на работното место Самостоен Инспектор во СВР Тетово-ОКП-ОКК. Наведува дека претставката ја поднесува поради дискриминација по партиска основа, сторена од страна на министерот за внатрешни работи и од него овластени лица, а поврзано со спроведувањето на два интерни огласи и тоа:

- Интерен оглас објавен со телеграма бр. 344 од 12.8.2022 година за Помошник началник на СВР Тетово и
- Интерен оглас објавен со телеграма бр. 475 од 15.11.2022 година за Началник на Одделение за криминалистичко разузнавачка анализа во СВР Тетово.

Во врска со огласите, подносителот истакнува дека на првиот оглас бил избран кандидат вработен во МВР во 2018 година, кој пред вработувањето бил активен во општинскиот комитет на партијата [redacted]. На вториот оглас, пак, вели дека бил избран кандидат кој исто така се вработил во 2018 година, а чија сопруга е пратеник во Собранието од партијата СДСМ. Она што тој го поставува како прашање е дали биле запазени условите за работен стаж во МВР, како и условот за бараните факултети за соодветните работни места.

Бидејќи конкурирал на интерните огласи, а за изборот на кандидати не бил писмено известен, подносителот на претставката поднел електронска пријава до МВР, при што добил одговор преку телеграма бр. 22.6-65 од 26.1.2023 година со која бил известен дека согласно Правилникот, Колективниот договор на МВР и Законот за внатрешни работи, не е предвиден рок за известување на кандидатите, како и дека за истата работа не е предвидено право на приговор.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 20.2.2023 година испрати Известување бр. 08-184/2 за произнесување по наводите од претставката до Бирото за јавна безбедност.

На ден 7.3.2023 година членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација Лимко Бејзароски, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, изврши непосреден увид во СВР Тетово со цел обезбедување на потребната документација за правилно утврдување на фактичката состојба. Разговорот беше воден со началникот на СВР Тетово, [redacted] кој истакна дека во најкус можен рок ќе биде испратено писмено произнесување по наводите од претставката.

На ден 13.3.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи како одговор на претставката.

Во одговорот, од Министерството велат дека избраните кандидати за работните места Началник и Помошник началник, објавени со телеграма бр. 344 и телеграма бр. 22.6-475, имаат завршено високо образование на Институтот за одбрана при Филозофски факултет, што спаѓа во групата на факултети од областа на безбедноста. Со тоа, велат од Министерството, кандидатите го исполнуваат условот за соодветен вид на образование наведен во телеграмите.

Во однос на начинот на известување на работниците кои не се избрани на интерен оглас, наведуваат дека истиот е утврден во Колективниот договор на МВР и Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во МВР, акти во кои не е утврден рок за известување. Во согласност со актите кои ги наведуваат, [redacted] бил известен дека не е избран за работните места на кои аплицирал, за што како доказ приложуваат копии од Известување бр. 22.6-2212/1 од 22.12.2022 година и Известување бр. 22.6.2.2-100/2 од 25.1.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.3.2023 година испрати Ургенција бр. 08-184/5 за произнесување по наводите од претставката до СВР Тетово.

На ден 14.3.2023 година, на електронската адреса на Комисијата пристигна дополнување на претставката од страна на [redacted] Во дополнувањето, тој вели дека се работи за политичка дискриминација поради политичката активност на неговата сопруга [redacted] и нејзиното членство во политичката партија [redacted]. Воедно напоменува дека таа за време на владеењето на [redacted] била помошник директор на гимназијата во Тетово, а и дека активно учествува во партиските активности. Подносителот смета дека токму поради ова е ставен под постојан прогон од страна на сегашната власт. Исто така смета дека изборот кој е направен за работните места на кои конкурирал е партиски, поради тоа што, како што тој наведува, избраниот началник на Одделението за криминалистичко разузнавачка анализа е сопруг на актуелна пратеничка од [redacted] додека избраниот помошник началник пред вработувањето бил активен член на [redacted]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 16.3.2023 година испрати Барање за доставување информации до Секторот за заеднички работи и управување со човечки ресурси во Бирото за јавна безбедност. Со Барањето, беше побарано досието на [redacted] со кое конкурирал на двата интерни огласи, како и досиејата на останатите кандидати кои конкурирале, вклучувајќи ги и оние кои биле избрани за соодветните работни места. Исто така, беше побаран и

записник, доколку постои, од изборот на помошник началник и началник, а во спротивно, доколку не постои записник, писмено образложение за направениот избор.

На ден 24.3.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на ургенција од страна на СВР Тетово заведен под бр. 08-184/9. Во одговорот се наведува дека СВР Тетово од подносителот на претставката не добил никаков поднесок, па затоа не можат да се произнесат. Истовремено ги доставуваат интерните огласи кои беа побарани и напоменуваат дека тие се истакнуваат на огласна табла и се достапни за секој вработен кој сака да аплицира на истите, додека пак конечна одлука по однос на доставените апликации донесува формирана комисија за одлучување и прием при МВР на РСМ.

Во прилог беа доставени:
- Телеграма бр. 22.6-344 од 12.8.2022 година и
- Телеграма бр. 22.6-475 од 15.11.2022 година.

Од причина што одговорот од страна на СВР Тетово не содржеше никакво произнесување, иако копија од претставката беше уредно прикачена кон Ургенцијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 28.3.2023 година повторно испрати Известување за произнесување по наводите до СВР Тетово, со насока да се произнесат по изнесените наводи.

Истиот ден, на 28.3.2023 година, Комисијата испрати и Барање за вршење на увид до Биро за јавна безбедност, Секторот за заеднички работи и управување со човечки ресурси. На ден 31.3.2023 година, членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација Лимко Бејзароски, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, изврши непосреден увид во Бирото за јавна безбедност со цел обезбедување на потребната документација за правилно утврдување на фактичката состојба. Разговорот беше воден со Јасминка Николиќ, вработена во Секторот за заеднички работи и управување со човечки ресурси, која по разговорот истакна дека во најкус можен рок ќе спроведат комуникација со СВР Тетово и ќе биде испратено соодветно писмено произнесување по наводите од претставката.

На ден 28.4.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи заведено под бр. 08-184/13. Во одговорот првенствено се наведува дека кандидатите конкурираат на интерен оглас со доставување на пополнета пријава до надлежната организациска единица за управување со човечки ресурси. Согласно наведеното, во прилог на одговорот беа доставени сите пријави од кандидатите кои аплицирале на работно место помошник началник на СВР Тетово, распишан со телеграма бр. 344 од 12.8.2022 година, и на работно место началник на ОКРА, распишан со телеграма бр.22.6-475 од 15.11.2022 година, вклучително и онаа пријава на подносителот на претставката и на избраните кандидати.

Исто така, во прилог беше доставен и записник бр.22.6-1506/1 од 13.9.2022 година за избор на помошник началник на Одделение за криминалистичко-разузнавачка анализа. Воедно напоменуваат дека одлуките за избор се донесени земајќи го предвид исполнувањето на условите пропишани во Актот за систематизација на работни места на МВР и Законот за внатрешни работи, вклучувајќи го и вкупното работно искуство и видот на образование кое го имаат завршено кандидатите. Покрај исполнувањето на условите, наведуваат дека биле земени предвид и професионалните квалитети и квалификации, начинот на извршување на работните обврски, природата на работите и задачите кои ги извршуваат кандидатите, како и развојот на кариерата следен во континуитет.

Во таа насока, од Министерството известуваат дека подносителот на претставката Сашо Ристовски во повеќе наврати бил дисциплински казнуван по различни основи и тоа:

- Со Решение бр.22.6.1.1-40687/1 од 20.5.2019 година му е изречена дисциплинска мерка од причина што ги пречекорил и злоупотребил дадените овластувања и за себе прибавил противправна имотна корист;
- Со Решение бр.22.6.1.1-42231/1 од 23.5.2019 година му е изречена дисциплинска мерка од причина што за време на работа бил затекнат во спортска обложувалница и
- Со Решение бр.22.6.1.1-77561/1 од 2.10.2020 година му е изречена дисциплинска мерка од причина што заминал од работа пред да му заврши работното време и без да направи примопредавање на смена.

Наведените решенија беа доставени во прилог на одговорот.

Согласно ова, наведуваат дека [redacted] не се придржувал кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место, го злоупотребил и пречекорил даденото овластување, противправно прибавил лична корист во врска со вршењето на работните зачади, како и во работното време бил затекнат во спортска обложувалница како игра на еден од апаратите за игри на среќа. Исто така, информираат дека против [redacted] има поднесено неколку претставки до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, за што е доставено Известување бр.22.27-3894/1 од 7.4.2023 година од страна на началникот на СВР Тетово.

Последно, истакнуваат дека иако [redacted] ги исполнува условите од Законот за внатрешни работи и Актот за систематизација на работни места во МВР, тој не е избран за работните места на кои аплицирал од причина што „станува збор за работник кој во континуитет ги прекршува прописите и го нарушува угледот на Министерството со своето несовесно работење и постапување". Имајќи го ова предвид, тие ги сметаат наводите на подносителот на претставката за сторена дискриминација по основ на политичка припадност за неосновани.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истите, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ врз подносителот [redacted] односно утврди дека не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Првенствено, при изборот на кандидати за работните места Началник на Одделение за криминалистичко-разузнавачка анализа и Помошник началник на СВР Тетово, Министерството за внатрешни работи не ја ценело само формалната исполнетост на условите, туку и подобноста на кандидатите за извршување на работните задачи предвидени за тоа работно место, како и нивниот личен интегритет и одговорност. Во таа насока, иако подносителот на претставката ги исполнувал условите од Законот за внатрешни работи и Актот за систематизација на работни места во МВР, биле земени предвид неговите минати дисциплински мерки и целокупно поведение, при што не бил избран за работните места на кои аплицирал.

Имено, видно од доставените пријави на кандидатите, [redacted] бил единствениот кој бил казнуван, и тоа со плата во намален износ и изречени дисциплински мерки, нешто што и самиот го наведува во својата пријава. Дополнително на ова, а видно од Известување Рег.бр.22.27-3894/1 од Одделението за заеднички работи при СВР Тетово, во 2021 година во СВР Тетово била пријавена поплака од страна на таткото на [redacted] Имено, таткото известил дека кај него дошло лице кое му рекло дека пред извесен период неговиот син му зел 350 евра и тогаш барал од таткото на [redacted] да му го врати долгот, по што тој го пријавил својот син во СВР Тетово.Согласно ваквата фактичка состојба, подносителот на претставката бил одбиен за работните места на кои аплицирал.

Во однос, пак, на наводите од претставката дека избраните кандидати немале соодветно образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го зема за валидно образложението од страна на министерството дека двајцата кандидати имаат завршено високо образование на Институтот за одбрана при Филозофски факултет, што спаѓа во групата на факултети од областа на безбедноста. Со тоа, кандидатите го исполнуваат условот за соодветен вид на образование наведен во телеграмите, со оглед на тоа што потребниот вид на образование бил „факултет од областа на безбедноста, правен факултет или економски факултет".

Последно, Комисијата не утврди дека политичката припадност на подносителот била земена како фактор при изборот на кандидати, односно дека причината поради која тој бил одбиен за работните места. Дотолку повеќе, Комисијата утврди дека постоела легитимна и оправдана причина за направениот избор на кандидати.
Сето ова упатува на заклучокот дека подносителот на претставката не бил доведен во понеповолна положба во однос на другите кандидати, односно не постоел различен третман кон него.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи врз [redacted]

Скопје
11.5.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член-известител
Лимко Бејзароски

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- СВР Тетово, ул. Цветан Димов бр. 3, 1200 Тетово
- Министерство за внатрешни работи на РСМ, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk